**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Јавната расправа по
работната верзија на Предлог-законот за
изменување и дополнување на Законот за животна средина

**Скопје, март 2012 година**

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### Јавна расправа на Национален совет за евроинтеграции по Работната верзија на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина, одржана на 13 март 2012 година

Јавната расправа се одржа во салата „Борис Трајковски“, во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,23 часот.

Јавната расправа ја отвори и на неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Национален совет за евроинтерграции.

**Радмила Шекеринска:**

Работната верзија на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина.

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина е еден од десетте закони кои што ги усвоивме Анексот 2 на Мислењето по националната програма за усвојување на европскот право, според кој Анекс овие 10 закони ќе бидат дел од јавни расправи организирани од Национален совет за евроинтерграции и според нашата проценка тоа беа закони каде што биде потребна поширока расправа пред истите да влезат во нормалната процедура. На јавната расправа покрај членовите и претставниците во Националниот совет за евроинтерграции поканети се и потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, членовите на ресорните собраниски комисии, македонската парламентарна зелена лоби група, Секретаријатот за европски прашања, претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, како претставници на граѓански организации од областа на животната средина, како и некои експерти. Сакам да се заблагодарам на присуството на господинот Стево Темелковски, заменик министер за животна средина и просторно планирање кој ќе го образложи Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина доставен до Национален совет за евроинтерграции во работна верзија. Заедно со поканата за оваа седница го добивте и Предлог законот како и Директивата на европскиот совет за опасности од хаварии што се случуваат опасни

материи со кои според Националната програма за усвојување на европското право треба да се усогласи Законот за животна средина.

Исто така на вашата електронска пошта беше доставена и анализа на европската политика за животна средина со осврт кон релеватното европско законодавство за контрола на опасности од хаварии кои  вклучуваат опасни материи подготвена од Секторот за подршка Националниот совет за евроинтерграции. Дозволете ми пред да му дадам збор на заменик министерот да ви укажам дека веќе се поделени пријавите за дискусија, сакам да ги поттикнам особено оние денешни учесници во дебатата кои што доаѓаат и надвор од Собранието бидејќи пратениците се тука, тие дискутираат за текстот кога ќе влезе во нормална процедура, особено повик до оние претставници на Национален совет за евроинтерграции и претставици на националните и професионалните здруженија да се пријават за дискусија за да можеме да ја планираме денешната седница.

Го поканувам господинот Стево Темелковски заменик министер за животна средина и просторно планирање да ги презентира Предлог законот за изменување  и дополнување на Законот за животна средина.  Во меѓувреме бевме информирани дека Министерството дополнително закажало уште една јавна расправа која што утре, мислам дека ни причинува и нас како Совет задоволство кога и со нашите јавни расправи поттикнуваме зголемена јавна дебата и пред носење на законот. Мислам дека целта беше да го претставиме законот практично во моментот кога сеуште се можни измени во работниот текст затоа што и ние како пратеници сме свесни дека тогаш кога законот ќе влезе во собраниска процедура амандмани се возможни, меѓутоа помала е можноста да се влијае на законот отколку сега кога тој е во работна верзија и ќе можеме со некои од вашите согледувања, мислења и коментари да влијаеме на подобрување на овој текст.

Господине Темелковски, повелете.

**Стево Темелковски**:

Благодарам.

Почитувана претседателке, почитувани пратеници, почитувани гости,

Особена чест и задоволство ми е присуството на денешната средба на јавната расправа по работната верзија Предлог законот за изменување  и дополнување на

Законот за животна средина. Законот за животна средина е донесен во 2005 година и сите ние кои работиме во областа на животната средина во суштина тој ни претставува еден еколошки Устав. Во него се вградени повеќе директиви на Европската унија. Овде би ги потенцирал неколкуте: Директивата за оцена за влијание врз животната средина од проекти, Директивата за оцена за влијание врз животната средина од планови и програми, директивите за пристап до информации и учеството на јавноста во донесување на одлуки од областа на животната средина, Директивата за контрола на големи несреќи во кои се вклучени опасни супстанци, Директивата за одоговорност, за еколошка штета и Директивата за интергрирано спречување и  контрола на загадувањето. Законот за животна средина неколку пати е изменет и дополнет од повеќе причини пред се заради понатамошно усогласување на наведените директиви, потоа одобрување на имплементацијата како и за вградување на одделни реформи кои што се одвиваа во администрацијата на Република Македонија како на пример усогласување на Законот за прекршоци, Законот за инспекциски надзор и слично.

Поаѓајќи од основните начела од кои се темелат донесување на Законот за животна средина а тоа е учеството на јавноста, би сакал да ве информирам дека Министерството за животна средина и просторно планирање утре на 15 март 2012 година одржува јавна расправа по предложените измени и дополнувања на Законот за животна средина на кој се поканети да учествуваат невладини организации од областа на животната средина, стопанските комори, единиците на локалната самоуправа како и други заинтересирани субјекти. Заради обезбедување на потребен и доволен временски сегмент за добивање мислење е забелешки по предложените измени и дополнувања на Законот за животна средина Министерството предлог измените и дополнувањата на Законот на 31 јануари 2012 година ги објави на својата веб страна и на порталот на ЕНЕР. Пред да преминам на предложените измени најпрво би нагласил дека со Предлог законот се врши доусогласување на законот со Директивата 9682 ЕЗ на Советот за контрола на големи несреќи во кои се вклучени опасните супстанци. Усогласувањата на Законот со Директивата се состојат во воведување на нов член 147-а со кој се овозможува воведување политика за спречување на хаварии. Имено системите кои имаат помало количество на опасни субстанци имаат обврска за подготовка на документ,

политика за спречување на хаварии со кои се предвидува постапка за делување на компанијата во случај на хаварија. За оние системи во кои количеството на опасни супстанци е поголем, политика за спречување на хаварии е дел од Извештајот за мерките за безбедност. Количеството на присутни супстанци е дефинирано во правилникот, значи има правилник за опасни супстанци, гранични вредности, прагови за присуство на опасни супстанци и критериуми и својства според кои супстанцата се класифицира како таква, како опасни.

Исто така со измените и дополнувањата се воведува правен основ за донесување подзаконски акти со кои ќе се пропишат критериумите со кои се определува во кои случаи одредена несреќа се смета за хаварија и согласно тоа правното лице да си преземе одговорност.

Друга значајна причина за изменување и дополнување на Законот за животна средина произлегува како резултат на спроведувањето на третата фаза на регулаторната гилотина во која од страна на бизнис заедницата поточно од земјоделците, занаетчиите, фармерите и трговците од мал обем беше побарано поедноставување на елеборатите за заштита на животната средина. Согласно тоа се пристапи кон изменување на член 24 од Законот за животна средина со кој воведе основ за воведување на правилник со кој ќе се определи поедноставен елаборат за дејностите од мал обем. Воедно ќе се создаде основа за водење на регистар за одредени елаборати. Поедноставената форма ќе придонесе кон побрзо и поедноставно изработување на елаборатот за заштита на животната средина како и намалување на административните бариери за дејностите од помал обем кој не предизвикуваат значајно влијание врз животната средина, а сепак истовремено ќе обезбеди заштита на неа.

Останатите измени и дополнувања на законот за насока на подбрување и корегирање на одредбите од Законот кои се однесуваат на постапката за интегирано спречување и контрола на загадувањето. Согласно претходното наведеното сметам дека дискусија ќе придонесе кон добивање на предлози и забелешки кои ќе бидат во насока за подобрување на текстот на Законот за животна средина, а кој како крајна цел ќе придонесат кон негово подобро имплементирање и следствено и подобра заштита на животната средина. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Темелковски.

Пред да ве поканам да се пријавите за дискусија до сега не се стигнати пријави, така да уште ве стимулирам. Сакам само да поставам две технички прашања до заменик министерот што ќе ни ја олеснат дебата.

Првата се однесува на обврската која што секогаш се почитува во Собранието, а тоа е дека законите кои се дел од законската програма за усвојување на европското право и како такви претставуваат прилагодување на нашето со европското законодавство секој пат кога го добиваме како предлог имаат кореcподентна табела. Овој пат таквата кореcподентна табела ја нема. Вие споменавте дека практично во еден член се врши усогласувањето. Кажавте дополнително дека се врши доусогласување со Директивата, меѓутоа ние немаме практично оценка, дури ни на предлагачот дали со оваа измена законот целосно ќе ги отсликува критериумите и барањата од спомената Директива. Значи дали е целосно усогласувањето или е делумно и кој е планот за понатаму.

Второто техничко прашање е во врска со самата Директива. На  неколку места се цитира директивата, меѓутоа во меѓувреме од 1996 година  таа претпре промени и би било добро претходно да знаеме дали усогласувањето се врши со таа консолидирана верзија на Директивата или со нејзиниот основен текст од 1996 година. Ако може да ни ги одговорите овие прашања, пред да почне дискусијата за да знаат и колегите како да реферираат на овие проблеми.

**Стево Темелковски**:

Се извинувам, табелата е направена, не знам зошто не е поделена. Усогласувањето во суштина не ја дава целосната слика, заради тоа што законите се жива материја и се менуваат и ние постапно ги усогласуваме оние закони што ни доаѓаат како европски влијанија со нашите.

Второто прашање што беше?

**Радмила Шекеринска:**

Дали со Директивата од 1996 или со измените.

**Стево Темелковски**:

Да, со измените.

**Радмила Шекеринска:**

Само јас, барем не ве разбрав на првото прашање, кореспондентната табела ако постои ние можеме во тек на расправата да ја поделиме.

**Радмила Шекеринска:**

Табелата ако постои ние можеме во тек на расправата да ја поделиме.

**Стево Темелковски**:

Овие се и забелешки тука и од .....

**Јадранка Иванова:**

Би сакала само да кажам вообичаено ги доставуваме кога го доставуваме законот во собраниска процедура и табелата и од таа причина не ја доставивме. Значи работиме паралелно и се работи на консолидираната верзија на Директивата. Нема да имаме целосно постигнување на усогласеност од причина што одредени работи ќе бидат донесени со подзаконските акти. Поточно во оваа измена правиме основа за да го донесеме.

**Радмила Шекеринска:**

Јас би предложила, хендикеп ќе биде можеби за учесниците во дебатата, меѓутоа како дел од расправата и заклучоците кои ќе ги носиме понатаму, уште на почетокот да заклучам дека кореспондентната табела таква каква што е сега во работна верзија дека ќе им биде доставена на денешните учесници и бидејќи најавата од Министерството практично ние нема целосно да се усогласиме со Директивата, туку е еден голем дел од усогласувањето ќе се остане на подзаконските акти. Меѓутоа и тоа е дел од кореспондентните табели и тоа и пратениците утре кога ќе гласаат ќе можат да видат кој дел во кој закон или подзаконски акт ќе се регулира.

Повелете ја отворам дискусијата на денешнава јавна. Се разбира дека сега можеби најинтерес ќе бидат оние измени кои ги предлага Министерството, меѓутоа зборуваме за една комплексна, за едно интегрирано прашање како што е животната средина и дискутираме за закон за измени на Законот за животна средина, се разбира дека ќе ни биде корисно да ги чуеме вашите мислења и генерално за Законот за животна средина и потребите од негови измени и дополнувања.

Повелете, господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ**:

Благодарам.

Јас би сакал само неколку збора. Ме поттикнавте вие што рековте. Мислам дека европската регулатива е, посебно во областа на животната средина мошне динамична и сигурно и во иднина ќе се менува законот, па оттаму сметам дека имајќи ги предвид сите овие директиви чие што усвојување е во тек односно и другите и правни акти на европското законодавство од областа на животната средина сметам дека веќе се јавува потреба после 7 изговтување на еден сосема нов текст. Не само заради технички причини бидејќи ние немаме консолидирани верзии односно тие се ретки и самата реална потреба повеќе трендови има, покрај тоа што ова е динамично и сложена има и еден друг тренд на, не се работи за опасни материи туку за други симплификација на успростување и оттаму сметам дека веќе отсега има потреба да се отпочне со изготвување на сосема нов текст на Законот животна средина, бидејќи овој после 7 години и бројни измени, а сигурно дека во наредната година дена ќе има уште измени, дека е навистина е вистински момент да се отпочне со изговтување на нов закон.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Кој друг се јавува за збор?

Ако уште никој не собира сила, дозволете да кажам јас неколку работи. Денес имаме Предлог закон кој што во принцип е комбинација на неколку нешта. Еден и за жал мал дел е усогласување со европското законодавство и тоа се однесува пред се на опасните материи и можностите за хаварија, и тоа што што го предлага

законодавецот е да се воведе таканаречена политика за спречување на хаварии кои што како документ ќе биде обврзувачка особено за оние субјекти кои што можат заради тоа што оперираат со опасни материи можат да ја доведат во опасност и својата средина па дури и пошироко. Се предвидуваат дури и мерки за прекугранични влијанија при хаварии. Сметам дека во овој дел е пренесен еден од одредбите на директивата. Меѓутоа кај Законот за животна средина просто невозможно е да водите дискусија само за оваа точка или за некои формални приолагодувања каде што се прилагодува и Законот за животна средина со некои други управни постапки кои што владеат. Се предвидуваат и некои технички измени. Меѓутоа знаете како, тешко е  да се води дискусија за Законот за животна средина а при тоа да не се реферира на она што и се случува на нашата држава и на нашите граѓани поврзано со квалитетот или неквалитетот на животната средина.

Јас би сакала и кога се договаравме за дискусија по овој закон како и неколку други прилики и кога организираше јавна расправа Национален совет за евроинтерграции инстистиравме дека на темите од животна средина многу повеќе внимание треба да им посветуваме од она што е случај. Зошто? Заради тоа што за жал цената за нездравата животна средина ја плаќаме сите. Јас не сакам да ја пропуштам и оваа прилика да апелирам до надлежните органи, проблемот со загаденоста во Македонија да не се решава на тој начин што се исклучат мерните станици за мерење на загадувањето во Скопје. Затоа што имам впечаток дека е тоа најлесно за сите. Имам случај со лошо здравје, млади, мали деца, возрасни луѓе кои што ако ништо друго научија да кликнат на интернет, да прочитаат колку е загаденоста во Скопје и да знаат дали дента треба да се шетаат или не. Тоа е страшно што Македонија се доведе во ситуација главен нејзиниот град да ја има загаденоста, некои споменуваат на ниво на Пекинг, во месеците кои што се проблематични за Скопје во месеците кога имаме магла и кога немаме доволно дожд, ветар или снег. Меѓутоа во еден момент, решението, бидејќи притисокот на јавноста кон надлежните органи особено на локално ниво растеше, дека треба тоа да се решава, дека треба да најдеме решение и во поглед на јавниот транспорт и во поглед на загадувачите одеднаш преку ноќ оваа интернет страница престана да функционира и еве неколку месеци чекаме таа да проработи. Значи решението за загадувањето во Скопје и во другите градови во Македонија, не можеме да

решаваме на тој начин  така што јавноста ќе ја  ускратиме од правото да знае каков водух диши. И сега ова не е директно поврзано со овие измени на Законот за животна средина, меѓутоа впечатокот мој продолжува  и понатаму дека многу сме брзи да го промениме членот во законот и после тоа сме ужасно спори тие членови во законот да ги имплементираме. Во тој случај предлагам до Владата или до Министерството за животна средина нека бидат поспори ако треба  во усогласување на законодавството, ама тоа што ќе се усогласи и ќе се стави на хартија навистина да преставува за сите обврска. Ако така не почнеме да работиме нашето законодавство ќе биде со многу европски знаменца, ама сите ние ќе бидеме со астма, со бронхитис и со секакви други здравствени проблеми. И мислам дека тоа не е поентата на европското законодавство, ниту поентата на нашето приближување кон Европската унија.

Ви благодарам на вниманието, следен за збор се пријави Александра Бујаровска, од Фронт 21/42 и претставник на работната група за учество на јавноста, повелете.

**Александра Бујаровска:**

Ви благодарам за збор.

Би сакала да ја поздравам оваа иницијатива и на работното тело на Комисијата на националниот совет како и идната која што ќе се одржи утре од страна на Министерството што реално покажува еден тренд на менување на конкретните реални насоки кои што министерството ги зазема.

Имено во конкретниот период од јануари 2012 до сега, во Собрание се влезени пет закони од областа на животна средина, мислам пет измени од Законт за животна средина, тоа е Законот за води, Законот за природа, за воздух, добро е тоа што сите беа во насока на подобрување односно имплементација на одредбите од законодавството на Европската унија и транспонирање на дирктивите, но сепак и покрај кратките временски рокови ние и како работна група и како невладина организација апелираме до министерството и до надлежните да сепак ги запазат законските процедури кога се носат закони од област на животна средина. Мислам, на учеството на уредбата за учество на јавност кога се носат или менуваат прописи која што налага, значи поинаква процедура по други закони. Под тоа се подразбира

да биде достапна 30 дена за коментирање за неа се донесе посебна одлука дека ќе се менува, зошто од почетокот да биде јавноста информирана, да се одржи минимум една јавна расправа, и да се овозможи доволно време за информирање, значи за претходните закони да речам не беше испочитувано но еве сега ова е да кажам добар тренд на почитување сега барем за овој закон што се прави ваква една јавна расправа. Барем во насока на тоа на учество на јавност кое што е и столб на една од конвенциите.

Во однос на самите предлог измени би сакала да кажам дека ние како работна група имаме предлог измени и на други делови од Законот за животна средина, кои што претходно исто ги претставивме до Министерство за животна средина, не знам дали ви ги доставија они вас, не ви доставија, едната се доставува на директивата за интегрираност, спречување и контрола на загадувањето, одредбите се во насока на одобрување на учеството на јавноста и овозможување на законското уставно загарантирано право на жалба, тоа е во однос на самото издавање на дозволата за усогласување со оперативен план, затоа што само кај неа не е предвидено стриктно како кај другите дека секој има право и како невладина организација да се пожали, значи да ја обжали таквата одлука. Исто така другиот сегмент на коментари, ни се однесуваат на транспонирање на директивата за одговорност за еколошка штета, која што поради претпоставувам лошо транспонирање во моментов не сум сигурна баш дека е возможно да се имплементира, кое што исто така беа како коментари доставени до Министерството за животна средина. Имено не е направена строга разлика, мислам не е добро разграничено во самиот закон не се разграничени двата сисеми да кажам на одговорност за еколошка штета, нели едниот е строг систем на одговорност, тоа кога сте одговорни, кога припаѓате на Анекс 3 од самата директива и сте по дифолт одговорни, без разлика дали сте имале небрежност или вина и вториот систем кој што се работи за тоа доколку имате штета во заштитено подрачје и доколку имате вина или небрежност во тоа заштитено подрачје. Мислам нема разграничување во самот закон и поради тоа е потребно дообјаснување, особено сега во овој период затоа што од 1 јануари 2012 отпочнаа со важење подзаконските акти токму од оваа директива. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам на овие дополнителни информации, би ни било корисно ако можеме да ги добиеме и овие предлози на хартија, особено поради актуелноста на некои проблеми. Во Македонија, минимум во две општини се води жестока дискусија околу можностите за одредени инвстиции и можностите истите да предизвикаат значителни загадувања. Тоа значи дека оној што е заинтерсиран да гради одреден капацитет има право да се пожали официјално да покрене постапка доколку министерството или друг надлежен орган не му достави соодветна дозвола, меѓутоа оние кои што можеби ќе бидат жртви за неговото загадување немаат формално право да се пожалат на таквата одлука од страна на надлежните органи. Иако е таков законот, а таков е до сега, во тој случај ги стимулираме луѓето преку друг тип на иницијативи, а не формални и законски да се само организираат, да протестираат и на тој начин да спречат, наместо да им дадеме шанса, тоа свое мислење и тие свои стравувања да ги канализираат преку институциите.

Јас би сакала да додадам дека логиката на јавните расправи на Националниот совет е оваа која што вие ја кажавте. А тоа е понекогаш преку контрола или поголем притисок врз инситутциите да стимулираме уште поголем број на јавни расправи, пред законите да се донесат. Во областа на животната средина имаме и различни интереси кои што се легитимни. Едно ќе побара на пример Стопанската комора, друго ќе побара локалното население или невладините организации, меѓутоа тој тип на дискусија ќе ни помогне да дојдеме до некоја златна средина, без разлика колку на прв поглед изгледа тешко тоа да се случи.

Меѓутоа, последната јавна дебата која што ја водевме во Националниот совет се однесуваше на стратегијата на Владата за соработка со граѓанските здруженија. И од една страна граѓанските здруженија како и секогаш ќе бидат критични кон Владата дека нема не дава доволно простор за дебата, за влијание врз законите, од друга страна некој од невладините организации или здруженија на граѓани малку беа и самокритични и кажаа дека и граѓанските невладини организации не го искористуваат понекогаш местото кое што го имаат, влијанието кое што го имаат и можноста да го кажат своето мислење и мислам дека и двете работи држат. Еве и денешнава дискусија каде што е тешко, јас упорно се обидувам да ја стимулирам дебата и од претставниците на граѓанските организации, ова е местото каде што

ваквите пофалби, критики, сугестии, треба да се кажат. Се понатаму ќе биде задоцнето и ќе има минимален ефект, и тогаш навистина ќе биде тешко да се каже дека немало слух. Има мегдан за дебата, ова е еден од мегданите, ми е драго кога Националниот совет ќе предизвика и Министерствата да бидат позаинтересирани за јавни дебати, истото ни се случи со законот за ревизија. Еве, сега ова е втор случај, меѓутоа ова е задача на институциите да влијаат со позитивен притисок сите да функционираат многу поотворено и многу поодготовно.

Пратеникот, колега Кенан Хасипи се пријави за збор, повелете.

**Кенан Хасипи:**

Само еден мал коментар во поврзаност со вашата претходна дискусија идејата на Националниот совет за евроинтеграции да се отвораат јавни расправи по исклучително важни закони е многу добра и за поздравување. Меѓутоа, денеска кај мене се појави една скепса колку има целисходност да се отвори јавна расправа за закони, за измени и дополнувања на закони кои што подразбираат две или три работи, имплементирање на една од директивите и утврдувањето на регулирањето на одредени прашања со подзаконски акти. Тогаш се губи суштината.Ние сме ограничени по расправата по делот на законот, кој што ние не носиме нов закон. Ние денес расправаме само по измените и дополнувањата кои што се стриктно дефинирани. Инаку, сега овде можеме да отвориме расправа по основ на текстот на законот кој што е донесен што рече заменик министерот е мал устав, меѓутоа тоа не е предмет на расправата и тоа не може да се имплементира. Не знам дали сум јасен. Ние денеска расправаме за измени и дополнувања што се предложени од Владата, а врзани со имплементација на една директива од 96 година која што во меѓувреме е модифицирана и воведувањето, давањето можност на одредени прашања од хавариите да се регулира со подзаконски акти.

Јас не знам сега ако не отвориме расправа по текстот на законот по сите прашања што подразбира заштита на животна средина, а се дел од законот, дали тоа е целисходно, и дали тоа е предмет на денешна расправа. Тоа го отвора прашањето дали ние е целисходно само мали и одредени измени и дополнувања на закони, по нив да отвораме јавна расправа, или да отвараме јавна расправа, по закони кои што се носи во прва фаза. Цел, нов закон, тогаш тоа подразбира

поширока област и тука веќе сите овде присутни кои што се занимаваат со таква проблематика имаат и те како многу работи што да кажат. Кај нас на пример е, сите ќе ви го потврдат тоа дека е многу лесно да донесеме закон, да се усогласиме со одредена директива меѓутоа животната средина е многу специфична работа, а тоа бара и да има соодветно познавање и граѓаните од таа област, висока свест за таа работа, и подразбира огромни средства за заштита. Тоа е прввиот дел што сакам да го наметнам.

Вториот дел околу имплементацијата на директивата малку останав на дел на ислучоците. Оваа директива не важи за воените индустриски капацитети, нивните депоа, транспорт на опасни материи, тн., сакам да прашам дали тоа е регулирано со посебна директива, или бидејќи тоа е многу битно. Ние денеска сме сведици на такви хаварии, на пример танкери, имаме хаварија на танкери со огрони последици, походите, низ што поминало итн., имаме многу воени објекти кои што може да бидат предмет на хаварија, со широки последици по здравјето на граѓаните, зошто се исклучени од оваа директива и дали за нив постои посебна директива, бидејќи тие се огромна опасност за населението, сме биле сведоци или и тоа е дел од политиката да не се влегува во сферата на ограничувањето на вооружувањето и тоа да се стави вон овие одредби.

**Радмила Шекеринска:**

Дали има и друга директива, еднаш веќе и во некои други закони ги вметнувавме тие одредби, а инаку имаше ситуации во нашето соседство, во Албанија имавме хаварија во едно депо воено и последиците сме свесни, кои се.

Инаку во поглед на одлуката кои закони ќе ги носиме на јавна расправа, тоа носиме заедно и се сеќавате како тоа го правиме. Значи во принцип нема лењир и мерка да измери однапред колку и колку сериозно ќе биде усогласувањето со одредена директива, меѓутоа ги избиравме законите врз основа на важноста и врз основа на темата која што предизвикува одредено внимание или треба да предизвикува одредено внимание. Понекогаш ние имаме измени на закони кои во принцип претставуваат револуција. И тие без разлика што не се носи нов текст, во принцип се дебатираат многу жестоко на јавни расправи, заради тоа што драматично го менуваат системот, таков беше со судскиот систем, прашањето на

обвинителствата итн.,итн., што значи дали одреден закон ќе се носи како нов или ќе се носат измени и дополнувања на Законот, не е секогаш меродавно дали промената ќе биде голема или не. Ние сметавме тогаш кога ги добивме списокот на закони од националната програма за усвојување на европското право дека темите од делот на животна средина, секогаш предизвикуваат и треба да предизвикуваат уште поголемо внимание не случајно имавме две-три дискусии кои беа многу жестоки во Националниот совет. Меѓутоа сега имаме веќе еден закон во собраниска процедура која што е од истата област, овој ќе дојде претпоставувам за месец-два, утрешната дискусија јавна расправа која дополнително ја закажа министерството. Претпоставувам и таа ќе биде атрактивна. И можеби еден дел од невладините организации ќе одлучат таму да ги насочат забелешките бидејќи тие писмено ги доставувале и на некој начин денеска имаме затоа и намален интерес за учество во дебатата. Меѓутоа велам и тие невладини организации кои што се занимаваат со оваа област нема да кажат не бевме тука. Инаку, кога добиваме закон за измени и дополнување на одредена материја можеме многу пошироко да дискутираме. Не сме и ние како пратеници и сега законот е во работна верзија не сме ограничени само на членовите кои што сега се предложени. Таа е логиката на дебатирање по работе текст. Кога ќе влезе после тоа навистина е тешко да се покријат сите области. Меѓутоа, јас мислам дека тука се сложивме со неколку координатори кога правевме договор за Анексот 2, сметавме дека секогаш во текот на годината треба да имаме барем една дебата на Националниот совет или јавна расправа посветена на прашањет од животна средина.

Ние денеска во главно домимантно се занимаваме со некои политички проблеми во делот на нашето прилагодување и зачленување идно во Европската унија. Од моментот кога ќе ни почнат преговорите ќе ни текне дека најголемиот хендикеп ќе ни биде во делот на животна средина и тогаш ќе биде предоцна. Тогаш нема да имаме доволно пари за да се презадоволат критериумите. Тогаш нема да имаме доволен број на закони, политики итн., прилагодување. Меѓутоа, очигледно е тоа дека ние сакаме додека не ни гори под нозе, многу, многу ангажман од наша страна нема. И тоа е жално, бидејќи велам прилагодување кон стандардите кон животна средина ќе не кошта неколку милјарди евра. И тие упорно на секое усвојување на националната програма за европското право дебатираме од каде ќе ги

најдеме. И дека треба можеби таа математика со време да ја направиме, да ги планираме тие инвестиции во тек на следните 10 години за да биде релано тие да се случат. Но на крајот на краиштата тоа не се прави заради европските стандарди, туку заради тоа што веќе во Македонија дишеме и валкан воздух, пиеме валкана вода, не сме свесни за загудувањето кое е околу нас, тие се најчесто и невидливи, и заради тоа што се тивок и многу опасен убиец. Кога не се гледа опасноста потешко е да се мобилизирате, ама случаите во Велес и во Неготино покажаа и дека не е така. Луѓето кои што на своја кожа виделе што значи загадување, нема да дозволат уште еднаш тоа да им се повтори.
Повелете.

**Кенан Хасипи:**

Госпоѓо претседателке благодарам.

Погрешнмо веројатно се разбравме. Јас напротив мислам дека невладиниот сектор има и те како добри познавања од оваа сфера, меѓутоа ова што го имаат сега, е премногу склучена рамка за да учествуваат во ваква една јавна расправа. Ние не расправаме за целината на Законот, туку расправаме за одредени измени и дополнувања кои што се строго дефинирани и тоа ги ограничува во укажувње на нивните размислувања. И во крајна линија ние работната верзија на законот го добиваме пред да ја закажеме јавната расправа. Обемот на измените можеме да ги видиме во моментот кога ја добиваме работната верзија. По мое ако е тоа, вие точно рековте ние точно сме имале измени и дополнувања на одредени закони кои длабоко задирале во суштината на законот и на материјата и даваме простор за да се отворат жестоки расправи. Меѓутоа ако имаме само имплементирање на една директива на која што ние сакале или не, не можеме да влијаеме тоа е директива од Советот на Европа и ние можеме само да ја усогласиме само нашите околности. Тогаш, тој простор склученост на просторот ги става гостите во незавидна ситуација, нема да не дискутираат за другиот дел од законот, кој што и те како има. Имам и јас што на таа тема да продискутирам, меѓутоа не е целисходно, бидејќи тоа не е тема на денешната јавна расправа. Од тој аспект реков, а не да го редефинираме, да го редефинираме списокот на закони што сме го предвиделе за јавна расправа, не би

беше тоа целта. Ми беше целта да не дојдеме во вакви ситуации, да не можеме да им дадеме простор на невладиниот сектор да си го искаже своето мислење.

**Радмила Шекеринска:**

Јас само ги стимулирав дека законот е тука и можеме да дискутираме многу пошироко отколку што со самите измени и дополнувања.

Госпоѓа Косана Мазнева Николиќ.

**Косана Мазнева Николиќ:**

Благодарам.

Дозволете ми само да ја поздравам пред се добрата волја на Националниот совет за евроинеграции да се дебатира на една ваква исклучително важна тема, но не, и, конкретно за овој закон, бидејќи се работи навистина, ова што го зборуваше колегата, само за измени и дополнувањеа на веќе еден постоечки закон за кој што знаеме дека е прилично обемен и голем и кој што во изминатиот период имаше доста голем број на можеби и суштински, можеби и формално измени и дополнувања. И сметам дека во најскоро време, јас не знам што планира Министерството за животна средина, но моето лично мислење како пратеник, пратејќи ја оваа проблематика е да формираме еден нов закон за животна средина во кој што ќе бидат инкорпорирани сите овие измени и дополнувања кои што претходно ги имавме направено. Сметам дека нема потреба од еден волку обемен закон за животна средина, иако проблематиката е навистина обемна и зафаќа и засега многу заинтересирани страни, тоа е вака накратко во однос на денешната дебата. Жалам што покрај тоа што имате покането огромен број на институции и голем број на експерти, гледам и со жалење можам да констатирам дека всушност претпоставувам дека сте направиле ненамерен пропуст и не сте ја поканиле можеби најстарата невладина организација,  ако и не прва на овие простори која што се занимава со заштитата и напредувањето на животната средина, а тоа е друштвото за заштита и проучување на птиците во Република Македонија.

Исто така со жалење можам да констатирам дека сте направиле исто така претпоставувам ненамерен пропуст во делот на непоканувањето на македонскиот Рамстерски Комитет кој што всушност е одговорен и беше задолжен за вклучување

на Преспанското езеро во светската Рамстер листа на водни станишта, исто и на Дојранското езеро. Значи, сфатете го ова како добронамерна забелешка. Искрено верувам дека пропустот е ненамерен и жалам што вака морав јавно да кажам, се надевам дека наредниот пат кога ќе организирате вакви јавни расправи за кои што еве уште еднаш ќе кажам дека ги поздравувам и покрај тоа што се можеби овие од не толку суштински карактер, нема да ја направите истата грешка и ќе ги забележите овие две институции.

Јас би сакала уште една ваква кратка напомена, мислам дека е добро во иднина да се огранизираат јавни расправи на нови закони. Јас не се сеќавам дали воопшто при носењето на Законот за управување со отпад, батерии, акумулатори, Законот исто така за управување со отпад и пакување од отпад, Националниот совет за евроинтеграции организираше една ваква јавна расправа, доколку да, жалам што не сум присуствувала на истата, доколку не, се надевам дека во наредниот период не е доцна ова истото да го направите, од едноставна причина што се работи за исклучително важни закони, закони кои што итекако ја тангираат и македонската јавност, закони кои што се од скоро, десетина, можеби години вклучени и почнуваат да се применуваат и во земјите членки на Европската унија и се надевам дека еве овие мали кратки коментари и забелешки уште еднаш ќе бидат добронамерно сфатени и ќе бидат прифатени од ваша страна.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Службите кои што ги канат учесниците се надевам дека ќе ја слушнат оваа забелешка, ако не се лажам над стотина или можеби и повеќе невладини организации, политиката на Националниот совет останува непроменета, значи, во моментот кога ќе се испрати поканата таа е ставена на веб-страната на Собранието, секоја невладина организација која што сака да учествува, доволно е само да го пријави своето учество. И во принцип информациите за тоа ги имаат и сите пратеници и сите координатори и секогаш заложбата била да се прошири информацијата во Македонија постојано се менува бројот на невладини организации и обидот да им испратите покани на сите однапред е осудена на

неуспех. Меѓутоа, се надевам дека овие информации ќе ги имаат сега предвид и службите кои што тоа го организираат.

Второ, јас мислам дека во принцип Директивата, ако ја анализирате малку повеќе ќе видите дека таа воопшто не е мала, незначајна и техничка. Јас затоа на почетокот ги споменав кореспоидентните табели. Според тоа јас што знам од правењето закони и усогласување со европските директиви кореспоидентните табели не се прават на крај како обланда, туку се прават во тек на изработка на законот затоа што тие се репер и за оние кои што го пишуваат законот. И доколу ги имаа и ги имавме сите овие кореспоидентни табели, точно ќе видеа дека на пример, членот 147-а кој што се додава и кој што само дефинира дека ќе се воведе политика за спречување на хаварии е усогласување со една реченица од Директивата, за понатаму предлагачот ќе ставеше дека сите други останати членови, како ќе се референра до Европската комисија, како ќе се обавестат соседите, каква политика на превенција ќе се води, дека сето тоа според кажувањето ќе биде регулирано со подзаконски акти. Ова е тешка и техничка по малку област, тука се согласувам.

Меѓутоа, мислам дека со недостигот на кореспоидентни табели сите се доведуваат во недоумица. Ако сега стане некој пратеник или член - учесника во јавната дебата и каже каде ќе се регулира прашањето на домино ефект кое што го регулира Директивата. Што ќе ни кажете? Па, да, да, не е во Законот ама ќе биде во подзаконските акти. Кога ќе дојдат подзаконските акти ние како пратеници не можеме да реагираме. Невладините огранизации ќе можат да реагираат, ама обично тоа е предоцна и влијанието и ефектите се никави.

Јас затоа би сакала од една страна на почетокот не споменав дека Министерството за животна средина беше едно од првите кое ни испрати работен текст, кај еден дел од другите министерства немаме толку успех, затоа што ги доставуваат законите дури тогаш кога ќе влезат во собраниска процедура. Меѓутоа, факт е дека без кореспоидентни табели зборуваме сите на памет, затоа што во принцип немаме проценка од страна на Владата дали ова се ќе се усогласи со подзаконските акти или еден дел ќе го оставиме после 6 месеци или после една или еве години.

И заради тоа верувам дека голем дел од вас имаат резерви дали да коментираат за законот или да не коментираат. Меѓутоа праксата која што стана

веќе видлива кај неколку предлагачи, кај неколку министерства, а тоа е се од Директивата, речиси 90% да се прилагодува во подзаконските акти е заобиколување на Собранието. Затоа што голем дел од темите што ги покрива Директивата и во поглед на известувањето за сигурност, не се прашања кои треба да дозволиме подзаконските акти да ги регулираат, затоа што автоматски свесноста на јавноста е многу помала за тоа, подзаконските акти утре можат да се променат, некој да не сфати дека се промениле, а притоа зборуваме за безбедност од хаварии.

Значи токму поради тоа проценката која што претходно ја правевме дека ова не е Директива за потценување, ние не се грижиме за хаварии се до оној момент кога хаварија ќе се случи, предоцна е тогаш. Ама според тоа како ја третираме хаваријата во Законот, практично само еден член во целава Директива уфрламе, зборува дека така малку си ја олеснуваме задачата на сите надлежни органи бидејќи тоа ќе се регулира со подзаконските акти. Мислам дека таквиот пристап апелирам да се промени.

И уште еден пријавен е за збор, госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:**

Благодарам претседателке.

Ви честитам најнапред што организиравте јавна расправа за измените на законот. Ова е важен закон секако, иако животната средина е тема која што бара многу и јавни расправи и дебати, многу повеќе повисока свест отколу што во моментот ја имаме, меѓутоа и со ваква јавна расправа се подига свеста.

Јас на прво читање почуствував една мала загриженост, што ќе се случи со бизнисите за кои што на некој начин велиме дека со овој закон ќе го олесниме процесот на добивање дозволи. Сосема логично е ако човек е свесен еколошки да се уплаши на секое олеснување и намалување на некакви постапки, си помислува дали тоа ќе значи симнување на нивото на заштита на животната средина и она на што мислам дека ќе треба да се фокусираме во законот, денеска е дискутирано доста околу тоа, она околу кое што ќе треба да се насочиме е дали да процениме дали она што се предлага како поедноставување на процедурата, дали ќе значи симнување на нивото на заштита на животната средина. Тој сооднос не смее да се наруши. Значи, процедурата треба да биде упростена, заради поедноставно водење бизниси,

меѓутоа во никој случај тоа не смее да биде на штета на животната средина и веројатно ќе треба заедно да се препрочита тоа уште еднаш. А во подзаконски акти ќе треба многу строго и прецизно да се дефинира.

Знам дека многу прашања од животната средина се нови за нас како третман, ги препишуваме, ги симнуваме еворпските директиви, меѓутоа често пати и без доволно разбирање што тоа значи и вакви и слични јавни расправи и дебати и со стручни лица веројатно ќе помогнат  за да научиме да ги читаме и директивите и законите и што е уште поважно да ги применување.

Значи јас само би апелирала до почитуваните колеги и стручни лица што се тука присутни од Министерството што ќе се занимаваат со примена на законот, да водат сметка за тоа да не се случи од преупростување на постапките да се случи да остане незаштитена животната средина и здравјето на луѓето, затоа што ако зборуваме за стимулирање на бизнис климата за сето тоа сите сме за, нормално, бизнисот треба да оди напред, но ниеден бизнис не смее да биде без еколошки аспект. Треба да го имаме на ум она 3-Е  екологија, економија, енергетика, сите тие работи треба да бидат во едно врзани, за да може да се постигне одржлив развој.

Јас на овој аспект би се задржала, инаку околу хавариите кои што слушав дека се дискутира,  тоа е многу сериозна тема и мислам дека со овој закон нема да се опфати целосно и веројатно треба и во други закони кои што се комплементарни со заштитата на животната средина, закони кои што се од обласга на безбедноста или безбедно живеење и спасување, посебно и што се однесува и за дирекцијата за спасување, ќе треба да се направат одредени измени. Јас вака и би дала една идеја која што сигурно во овој закон  нема да може да се реши, но е за размислување.

Мислам дека ќе треба многу сериозно да размислиме во земјава за формирање на константни единици за спасување. Спасувачки екипи. Затоа што ние практично се послужуваме со разни формации кои што стојат на располагање од различни институции и од самата дирекција која што не е доволно екипирана и со многу скромни средства, со мал буџет, малку луѓе, се послужуваме со тоа што го имаме за да утрчуваме  во некои ризични ситуации и тогаш се случува со денови некој да биде затрупан некаде или да молиме на Господа некој туристи да не ни настрадаат.

И така значи ние  треба да размислиме да се формираат обучени, константни единици за спасување. Спасувачки единици. Околниве земји, во Бугарија имам информација дека има некаде околу скоро 2 илјади луѓе кои што се во такви спасувачки единици, се разбира Бугарија е поголема земја, но треба и ние  да размислиме, да го подигнеме нивото на аларм во овие области. Хавариите се еден вид, добро зборуваме за објекти индустриски и бизнис објекти, меѓутоа и тоа е нешто каде треба ургентно да се реагира и мислам дека ни треба добор обучени едуцирани луѓе и добро опремени.

И можеби уште една идеа, зборуваме за заштита на животната средина, зборуваме за безбедни бизниси, спречување на хаварии, спас од хаварии, итн, веројатно ова е добра прилика да се апелира уште еднаш за поголем буџет за справување на хаварии за поголем буџет за контрола на состојбата во економската сфера. Секаде каде животната средина може да биде загадена и повеќе средства за инспектори на разни нивоа. За инспектори многу малку има, многу малку обучени луѓе има во институциите кои што можат и знаат да се справат со непредвидени ситуации, така да добро е што стануваме свесни дека животната средина е важна за работа и се отвора прашањето за тие теми, но ќе треба поконкретно, инвеситиции во средства и во човечки ресурси.

Значи околу законот генерално ме плаши уште еднаш, да обрнеме внимание да си го препрочитаме во делот, дали нешто не пропуштаме за заштита на животната средина и ако треба нешто јас се согласувам со она што беше спомнато и претседателке вие што рековте дека некои аспекти за кои што сега мислиме да ги сместиме во подзаконски акти да видиме дали не можат да се извлечат во закон. Се разбира нема да препишеме механизам цел кој што подзаконски акт треба да го има, но некои рамки, некои принципи можеби дополнително треба да го зајакнат законот за да не ни се случи да не биде доволно информативен за луѓето за кои што треба да се занимаваат и оние кои се во бизнисот и оние кои што го контролираат бизнисот.

Сега за сега толку, благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам на сугестијата, јас се надевам на дебатата која ќе се случи во Министерството по два дена, на 15-ти да не ги доведеме во заблуда, така ми испратија информација од Министерството, дека овие теми ќе се покријат и јас би сакала бидејќи нема веќе пријавени за збор само уште една сугестија да дадам.

Ние овде дискутираме во главно за фирми кои што се потенцијални загадувачи кои што ќе треба да извадат дозволи, прават извештаи за влијанието кое што ќе го имаат врз животната средина, меѓутоа да бидам искрена и јас сум изненадена кога за една крупна работа во Скопје немаше практично никаква реакција од страна на надлежните органи за животна средина. На пример, ако имаме еден оџак во Скопје тој ќе треба да добие некаква дозвола интегрирана за влијанието кое што ќе го има на животната средина. Но, кога ќе се изгради 70 катница или 70 метарска зграда која што целосно го попречува движењето на воздух од Водно кон останатите делови на Скопје, тука никој не треба да вади извештај за влијание на животната средина.

Јас од моментот од кога се сеќавам за себе, во Скопје слушам коментари дека Градскиот Ѕид е виновен заради лошата клима и лошите услови со животната средина во нашиот главен град. Пазете, ако еден Градски Ѕид со 4 спрата ни го попречил движењето на свеж воздух од Водно и не направил да бидеме еден од најзагадените европски градови во неколку месеци од годината, што ли ќе се случи кога сега буквално под Водно ќе се изградат згради од над 70 метри. Јас не чув никаков ниту коментар, ниту анализа на надлежните институции од делот на животната средина.

Значи, ние некое мало фирмиче ќе го тераме да вади интегрирана дозвола, ама за едно вакво јас би рекла потенцијлано менување на животната средина во главниот град, никој за тоа не чувствува потреба. Мислам дека и тоа треба да се реферира и тоа треба да се промени во Законот за животна средина, затоа што не се само директните загадувачи проблематични, проблем се и оние кои што ја попречуваат животната средина да се саморегенерира и мислам дека повеќе треба да се свртиме кон реалните проблеми со животната средина кои секој од нас ги чувствува на сопствената кожа, наместо формално да штанцаме нови закони и подзаконски акти.

Ви благодарам, на крај ќе му дада збор на заменикот министерот и тука ја затвораме јавната расправа.

**Стево Темелковски**

Би коментирал малку околу транспарентноста што беше спомната на почетокот. Верувајте, не сум долго време во Министерството, меѓутоа практиката на транспарентност на одржување на јавни распави на разни нивоа, овде сум во Собрание прв пат на јавна расправа, меѓутоа јавни расправи сум бил присутени и сум водел и на други нивоа каде што сакаме да ги изнесеме нашите согледувања, нашите знаења, каде што сакаме да ги поставиме онака како што ние ги замислуваме како што ние сме ги направиле работите, дали тоа било закон, дали тоа било стратегија, дали тоа било некој друг документ итн, и сакаме да ја слушнеме и другата страна односно сакаме да ги слушнеме коментарите особено на невладините. Тука некој спомна дека невладините и те како имаат добри знаења и добро се навлезени во ваквата проблемати иако животната средина како проблематика задира од сите сфери, да речеме и на работењето и на индустријата и затоа велиме дека е многу комплексно и не е лесно ваков закон како што кажавме дека е еколошки устав да се направи, некој рече да се направи нов, ок, ќе се направи нов, структурата  веројатно ќе биде онакава каква што е, нема ние да ја измислиме туку ќе се послужиме и со некои други искуства од странство, оние да кажеме држави и заедници кои што подлабоко се навлезени во оваа проблематика.

Рокот од 30 дена, оној новитет кој што го ставаме на веб-сајт кај нас знаејќи го менталитетот наш каков е и што е, јас не верувам дека тоа е многу широко распространето како информација. Иако времето кажува се повеќе и повеќе на глобализација на читање на интернет и на посетување на страна и на такво едно информирање.

Втора работа во контекст на контролата, да кажеме, или ќе кажеме дека подобро  е нешто да се спечи отколку да се лечи. Ние зборуваме сега за загадувачи, како да се одбраниме од нив итн, дали не би требало попрво да мислиме како ќе ги поставиме тие загадувачи или тие да кажеме валкани индустрии и било што, она секојдневно живеење, да се справиме со комуналниот отпад, дали бил цврст или биле отпадни води итн. Повеќе би се заложил за таквото превенирање, а контролата

е во суштина една менаџерска функција која што е еднаква  и на планирањето и на раководењето и на организирањето. Но е последна ставена што значи дека е неважна. Можеби е најважна. Можеби во нашиов склоп менталитетски, балкански да кажеме треба да и дадеме поголемо значење затоа што во можеби во минатото сме го запоставувале и таа контрола е еднаква важна уште еднаш сакам да потенцирам како и сите други управувачки функции. Загадувањето, отпадот, не е невидлив. Претседателката рече дека некогаш е невидлив. Точно. Невидлив не за очите, ние тоа го гледаме, го чувствуваме, можеби е невидлив за умот. Многу пати го оставаме маргинален да биде иако е многу важен иако беше спомнато тука дека еколошката загаденост е тивок убиец да кажеме на некој начин. И понатаму учеството на јавноста, учеството на невладините организации, учеството на граѓаните, учеството на институциите во донесување на вакви закони и во донесување на одлуки да кажеме некакви ние во Министерството за животна средина и просторно планирање дури и во законите наши се пропишани такви учества да кажеме. Не може да се направи една студија за некаква си оценка на еколошко влијание или за некакво негативно влијание итн, а да не учествуваат и оние кои што се корисници или посредни корисници или не корисници од она што ќе се одлучи или ќе се направи.

Подзаконските акти за мене лично се исто така како закон со тоа што законите ги гледаме по хиерархија да кажеме можеби се топ менаџерите, подзаконските акти се оперативните менаџери. Меѓутоа подзаконските акти како оперативни менаџери тие се најблиску до имплементацијата на законот и тие ако не бидат прецизно и точно кажани тогаш и оној што ќе го користи законот ќе не може да дојде до вистинскиот одговор односно до вистинското решение а тоа е помало загадување или воопшто не загадување.

На крајот би спомнал за урбанизацијата на Скопје. Долги години се зборува една тема таква како што е урбанизирање на Скопје, вентилацијата на градот, сега е многу модерно во обновливите извори на енергија да се користи и ружа на ветрови, или зошто не е каранфил на ветрови, па ружа на ветрови ќе го435 речеме, но ружата на ветрови скопска е циркулација од  Водно накај Скопје но поголема циркулација има

по текот на Вардар тоа значи го чувствуваме ние оној зимски ветер Вардарец што го викаме, оној ладниот, кој што најдобро го прочистува скопскиот воздух. Но бариерите веќе во изминативе 20, 30, 50 години јас не знам колку ајде 30 ќе ги кажеме од поставувањето на урбанистичкиот план на Кензо Танге со градски ѕидови па уште надоградувањето наше, високи згради итн, можеби и нехумано е да се живее во таква висока зграда можеби јас така ги сфаќам работиве ова лично го кажувам да ви кажам искрено, меѓутоа може да се поведе повеќе сметка и во делот на урбанистичкото планирање во делот на просторното планирање на градот за да не се случуваат такви бариери каде што има застој на воздух и воздушна маса која што е како така загадена, се загадува од сообраќај од животот, од индустрија да кажеме можеби е подалечна таа индустрија но тука доаѓа до едни џепови до застои каде што загадувањето е многу поголемо. Затоа велам дека сум бил во присуство долги години со урбанистите и многу пати имаше јавни дебати, не јавни дебати туку конфронтации дали да се постави да кажеме населба Капиштец вака или онака, дали Порта Влае да биде ориентирана на Исток на Север итн. Да ви кажам право јас сум електро инженер па тие работи не ме интересираат, меѓутоа подлабоко човек кога ќе се замисли урбанистите тука имаат апсолутно право. Еве толку за сега. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам.

Се надевам дека токму поради овие завршни коментари погласно ќе биде Министерството на теми кои се во доменот на вашата работа, не се надвор од тој домен. Ви благодарам за учеството. Со членовите и претставниците на Националниот совет се гледаме и утре.

Јавната расправа заврши во 12.29 часот.